РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-700/13
04-11-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24 – та седница одржана на ден 03.11.2025 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-700/1 од 11.02.2025 година, против службеното лице ----------------, Претседател на Управниот одбор при ЈЗУ Специјализирана болница за --------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат и спроведе постапка за порамнување согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците со што службеното лице има извршено уплата на пропишаната глоба.

Согласно со член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси да се достави известување до Управниот одбор при ЈЗУ Специјализирана болница за -------------------------------------.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со бр.09-700/1 од 11.02.2025 година е оформен по поднесена пријава од непознат подносител, со наводи дека во ЈЗУ Специјализираната болница за -------------------------, сметководителот во истата институција службеното лице ------------------ – дипломиран економист ја изработува завршната сметка на институцијата а воедно е и Претседател на Управниот Одбор во ЈЗУ Специјализираната болница за --------------------- и е претседател на комисија за јавни набавки.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати до ЈЗУ Специјализираната болница за ------------------- и од обезбедената документација го утврди следното:
Лицето ------------------- е вработена во ЈЗУ Специјализираната болница за ------------------- со Договор на неопределено време по објавен јавен оглас за административен работник (ССС) за работно место материјално финансов книговодител и за истиот оглас обезбедени се средства од Министерството за финансии.
Во пропратното писмо од доставената документација, директорката на инстиуцијата -------------------- појаснува дека на 29.11.2008 година донесена е Одлука за избор на кандидати за пополнување на работни места на неопределено работно време бр. 03-308/1 од 29.12.2008 година врз основа на која работното место административен работник со ССС е потполнето со лицето -------------------. Видно од досието на ------------------ постојат два договора за вработување и тоа еден без архивски број со важност од 01.01.2009 година и друг договор за вработување бр. 04-314/1 од 31.12.2008 година со важност од 01.01.2011 година и двата договора за вработување се потпишани од директорката ------------------. Имено во дописот директорката појаснува дека Договорот за вработување без архивски број одговара на нејзината стручна подготовка, и работни задачи и истиот е со важност од 01.01.2009 година, додека пак архивскиот договор со бр.04-314/1 од 31.12.2008 година воопшто не одговара ниту на огласот ниту на степенот на образование за работното место по огласот и истиот е со важност од 01.01.2011 година. Како директор на болницата, таа тврди одоговорно дека има склучено договор на 31.12.2008 година со сите кандидати избрани за сите работни места по огласот со важност од 01.01.2009 година и истите уредно се архивирани. По доставувањето на нејзината диплома за завршен економски факултет на 01.01.2011 година, -------------------- се стекнала со нов Договор за вработување како дипломиран економист, за што е издадено, Решение за плата за работно место Дипломиран економист со ВСС, бр. 04-68/1 од 03.02.2011 година. Согласно ова извршена е промена на евиденција во АВРСМ на образец М3.
Во 2012 година со Решение бр. 03-126/1 од 23.03.3012 година --------------- е назначена за Шеф на сметководство, додека од 28.03.2016 година со Решение бр. 04-127/1 за --------------- назначена е за Раководител за финансии. Од 06.03.2018 година без образложение со Решение бр. 04-96/1 без постапка согласно закон е распоредена на пониско ниво Шеф на сметководство. Од 23.09.2019 година согласно нов Правилник за систематизација а во согласнот со Законот за вработени во јавен сектор, на --------------- не и е издадено Решение за стекнување на статус за административен службеник и не и е издаден Договор за вработување на неопределено време кој уредно ќе содржи звање и назив на работно место и шифра. Во 2020 година изготвен е Правилник за измена и дополнување на

Правилникот за систематизација на работните места бр. 02-448/1 од 17.09.2020 година, каде работното место Помлад референт - благајник се менува со работно место Советник – главен сметководител.
Во 2021 година изготвен е Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места од 28.01.2021 година каде работно место Советник – главен сметководител се менува со работно место Помлад соработник книговодител за што ---------------- има добиено Решение 04-7/1 од 11.01.2021 година за поништување на Решение бр. 04-96/1 од 06.03.2018 година без образложение. Понатаму на 26.02.2021 година ------------------ има Решение за распоредување на административен службеник (за прв пат е распоредена согласно Правилникот за систематизација) и тоа на пониско ниво од претходното, без претходни постапки за дисциплински престап согласно Законот за адмнистративни службениици за ова работно место има Решение за плата 04-105/1 од 26.02.2021 год и на кое работно место се уште работи.
Исто така -------------------- поседува Потврда за положен испит за јавни набавки бр.11-4351 од 10.12.2024 година издадено од Бирото за јавни набавки. Со Одлука бр.02-350/4 од 28.10.2024 година донесена од страна на Управниот одбор на ЈЗУ Специјализираната болница за ------------------------- е именувана за претседател на Комисијата за јавни набавки за период од 28.10.2024 година.
Во прилог на доставената документација доставена е Одлука за формирање на комисија за јавни набавки од 28.10.2024 година, каде -------------------- е претседател на комисијата за јавни набавки. Одлуката е донесена од страна на Управниот Одбор на болницата каде претседател на Управниот Одбор е ----------------- и истата е потпишана од неа.
Со Одлука бр.0205-337/2 од 24.10.2024 година Марија Војноска е избрана за член на Управен одбор на ЈЗУ Специјализирана болнца за ------------------------------- со мандат од 4 години од страна на Стручниот колегиум на болницата во кој таа е член видно од Одлуката. Управниот одбор на болницата со Одлука бр.02-350/6 од 28.10.2024 година, на седница одржана на 25.10.1014 година за претседател на Управниот одбор е изгласана ---------------------.
Понатаму, со Задолжение бр. 04-326/1 од 14.10.2024 година, ------------------- покрај своите задачи определени со Актот за систематизацијата за работно место Помлад соработник – книговодител привремено се задолжува да работи и работни задачи на работно место Раководител за административно технички работи. Како дел од работните задачи за кои е задолжена ----------------- е да прави подготовка и водење на деловни книги, годишен буџет и сите негови измени, како и подготовка на годишни финансиски планови и годишни планови за јавни набавки, како и подготовка и поднесување на годишна сметка и/или финансиски извештаи согласно закон.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По однос на изготвување на завршната сметка за 2025 година, ДКСК до болницата достави дополнително барање и од увидот во документацијата Годишната завршна сметка е изработена од лицето ---------------------, констатирано на Записник од 3 - та седница на Управниот одбор на ЈЗУ Специјализирана болница за ------------------------------, од одржаната седница на 27.02.2025 година каде што како точки на дневен ред се ставени:

- Предлог – одлука за финансиско усогласување и порамнување ви сметководството на болницата и
- Усвојување на Годишната сметка за 2024 година на болницата.

Во записникот е видно дека лицето -------------------- – претседател на Управниот одбор на болницата, на членовите на Управниот одбор им појаснува дека како раководител на сметоводството ќе им ги објасни и појасни точките за материјалното работење и за годишната завршна сметка за 2024 година, додека седницата ќе ја води заменик претседателот на УО, д-р ---------------------.

При гласање за точката за Предлог – одлуката за финансиско усогласување и порамнување нво сметководството сите присутни членови гласале ЗА и истата е усвоена.

Во врска со точката за Годишната сметка за 2024 година лицето -------------------, ја презентирала истата и ја образложила. По однос за Предлог - Одлука сите членови на Управниот одбор гласале ЗА и истата е усвоена.

Одлуката за усвојување на Предлог – одлуката за усвојување на Годишната сметка за 2024 година на болницата од 27.02.2025 година потпишан е заменик претседателот на Управниот одбор.

По однос на Задолжението од 14.10.2024 година во кое како извршување на работни задачи за лицето ------------------, издадено од директорот на болницата стои дека тоа се нејзини работни задачи.

Од увидот во документацијата, а во корелација со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси констатирано е дека:

Со ваквиот начин на постапување од страна на службеното лице -----------------, настанала состојба на судир на интереси и повреда на извршувањето на јавните овластувања и должности што претставува основа за покренување постапка за утврдување на одговорност.

Имено, службеното лице -----------------, при извршувањето на функција претседател на Управниот одбор при ЈЗУ Специјализирана болница за ---------------------------------- не постапила согласно одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, односно го прекршило одредбите од член 75 став 1 од истиот закон.

Службеното лице -------------------, се нашла во состојба на судир на интереси што согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Именуваната иако знаела дека постојат околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, не се изземала и не запрела со своето постапување, туку учествувала при формирањето на Комисија за јавни набавки, каде е предвиден паричен надомест за претседтаелот и членовите на истата Комисија.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето -------------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именуваната достави записник за констатиран прекршок бр. 09-700/5 од 22.04.2025 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог бр. 09-700/6 од 22.04.2025 година. Во законски предвидениот рок, лицето ----------------- ја извести ДКСК со доказ електронска уплатница ПП50 бр.09-295/2 од 20.01.2024 година за извршена уплата на предвидената глоба во износ од 15.421,00 денари.

Врз основа на наведеното, имајќи предвид дека во врска со постапувањето на --------------- е констатирано дека се нашла во состојба на судир на интереси, ДКСК согласно со член 24 став (1) и (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси ќе достави известување до Управниот одбор при ЈЗУ Специјализирана болница за -------------------------- за утврдената повреда на одредбите од овој закон од страна на службеното лице -------------------, со што надлежниот орган е должен по доставеното известување за утврдената повреда од став (1) писмено да ја извести Државната комсија за преземените мерки во рок од 60 дена од денот на добивање на известувањето.
Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно постапување, поради што на 24 - та седница одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З, раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК